**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**

Бр. ____________

_______________

СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК
од 489-та ИТНА седница на Судскиот совет на
Република Северна Македонија

Скопје, Јуни 2024 година

Седницата се одржа на ден 03.06.2024 година, понеделник во 12:00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, Претседател;
- **Судија Сашко Георгиев,** Член
- **Судија м-р.Антоанета Димовска**, Член;
- **Судија м-р.Ивица Николовски**, Член;
- **Судија Мирсад Суроји**, Член;
- **м-р.Миљазим Мустафа**, Член;
- **м-р Селим Адеми,** Член
- **Павлина Црвенковска**, Член;
- **м-р.Тања Чачарова Илиевска**, Член;
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд на РСМ

Отсутни членови:

- **Судија Ханиф Зендели**, Заменик претседател *(користи годишен одмор)*;
- **Судија Лорета Горгиева,** Член *(користи боледување)*;
- **Кренар Лога**, Министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секретар;
- **Медиа Шаќири**, Советник
- **Александра Шоптрајанова,** Самостоен референт

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиуми.
Согласно член 8 став 1 од Законот за Судскиот совет седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот, **Весна Дамева**.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата, Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлага проширување на дневниот ред од причина што е доставен Финансиски план во врска со трошоците поврзани со постапката за спроведувањ ена избор на членови на судскиот совет и тоа трошоци за изборен материјал и патните трошоци, доставен од од страна н Комисијата за спроведување на избор на членови на Судскиот совет од редот на судиите, а која постапка предизвикува импликации.
Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлага како прва точка да биде Разгледување и усвојување на Финансискиот план за спроведување на постапка за избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија и од апелационо подрачје Битола доставен од страна на Комсиијата за спроведување на постапката за избор на членови на Советот од редот на судиите, така што првата точка станува точка 2 од дневниот ред.

По однос на предложениот дневен ред Претседателот на советот **Весна Дамева** отвори расправа.

Откако никој не се јави за збор, Претседателот на советот **Весна Дамева** предложениот дневен ред  со измената го стави на гласање. По гласањето констатира дека со 9 гласа „За“ е усвоен следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Финансискиот план за спроведување на постапка за избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија  од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија и  од апелационо подрачје Битола и

2. Разгледување и одлучување по доставено Известување за повлекување на пријава од кандидат за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**Точка 1**

**Разгледување и усвојување на Финансискиот план за спроведување на постапка за избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија  од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија и  од апелационо подрачје Битола**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека во материјалите е доставен Финансискиот план за спроведување на постапка за избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија  од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија и  од апелационо подрачје Битола од страна на Комисијата за  спроведување на избор на членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ и од апелационо подрачје Битола, кој  е доставен од страна на Комисијата за  спроведување на постапка за избор на членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите. Овој Финансиски план е изготвен врз основа на потребата за целосно спроведување на постапката која веќе е во фаза на избор  на членови на Судскиот совет кој избор од страна на Комисијата ќе биде спроведен на 06.06.2024 година. Според Финансискиот план вкупно трошоци кои што се предвидени од нивна страна се во вкупен износ од 47,500 денари. Тоа се трошоци кои се однесуваат за изборен материјал и патните трошоци, а во трошоци за изборен материјал  влегуваат гласачки ливчиња, хартија, пликоа, пенкала и кеси, а во патните трошоци влегуваат трошоци за гориво за возилата за носење и за враќање на избирачкиот материјал.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

Со оглед да никој не се јави за збор, Претседателот на советот **Весна Дамева** го стави на усвојување Финансискиот план.

По гласањето констатира дека со 9 гласа „За“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

**СЕ УСВОЈУВА** Финансискиот план за спроведување на постапка за избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија и од апелационо подрачје Битола бр.07-7/1 од 27.05.2024 година.

**Точка 2**

**Разгледување и одлучување по доставено известување за повлекување на пријава од кандидат за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека во врска со објавен оглас за избор на членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите и тоа еден од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ и еден од редот на судиите од апелационо подрачје Битола, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.28/24 од 07.02.2024 година, согласно чл.13 од Законот за Судскиот совет на РСМ, со одлука на Советот е формирана Комисија за подготвување на кандидатски листи, по што на 486-та седница одржана на 15.05.2024 година се утврдени кандидатските листи и тоа:

ОПШТА ЛИСТА

За кандидати од Врховен суд на РСМ

-Цветанка Периќ-судија на Врховен суд на РСМ и
-Исамедин Лимани- судија на Врховен суд на РСМ.

ОПШТА ЛИСТА

За кандидати од апелационо подрачје Битола

-Александар Камбовски-судија на Апелационен суд Битола
-Александра Поп Стефанија-судија на Основен суд Охрид и
-Татјана Сусулеска-судија на Апелационен суд Битола.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** појасни дека на истата седница согласно Законот за Судскиот совет на РСМ е формирана Комисија за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите а во врска со спроведување на изборите која постапка е во тек пред Комисијата, изготвен е и Финансискиот план кој на денешната седница е усвоен. Комисијата за избор на членови се состанала и одржала состаноци на 22 и 27 мај 2024 година, а помеѓу другото бил донесен е и Заклучок за утврдување на формата и содржината на општото гласачко ливче и за таа цел отпечатени се и гласачки ливчиња. Од изјавата на секретарот на Комисијата видно е дека гласачките ливчиња се веќе отпечатени, а согласно потребните технички карактеристики.
На ден 30.05.2024 година од страна на Цветанка Периќ-судија на Врховниот суд на РСМ е доставено известување за повлекување на пријавата за избор на член на Советот од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ, а како причина се наведени здравствени причини, кое известување во Советот е заведено под бр.02-336/43 од 30.05.2024 година.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **м-р Антоанета Димовска** која наведе дека е непријатно изненадена од повлекувањето на пријавата. Особено што ова се случува во фаза пред изборите, кога целата постапка е завршена. Во случајот се работи за судија од Врховен суд на РСМ. И истиот треба да биде во добра здравствена состојба за да ја извршува работата како судија во Врховниот суд, а потоа и во Судски совет. Смета дека како Судски совет може да констатирааат само дека судијата како кандидат ја повлекла пријавата, а изборите мора да продолжат. Јавноста мора да го знае тоа. Освен да се констатира дека е повлечена кандидатурата не може ништо друго да се направи, така што изборот за кандидат од Врховен суд и за кандидат од апелационо подрачје Битола да се одржи на 06.06.2024 година.

За збор се јави членот на Советот **м-р Селим Адеми** и наведе дека ова прашање не е предвидено во закон, но членот 13 од Законот за Судски совет ги цитира обврските на Судскиот совет дека треба да се утврди кандидатурата и да се информираат Комисиите.Од Извештаите што се доставени од страна на Комисиите за избор произлегува дека материјалите се веќе отпечатени, има финансиски импликации и Судскиот совет не може во оваа фаза да ја повлече кандидатурата. Смета дека треба да се заврши до крај постапката и врз основа на тоа може да се наведе дека постапката се прекинува и да се утврди друга кандидатска листа и да се донесе одлука. Потенцира дека Судскиот совет во оваа фаза не може да прифаќа повлекување на кандидатура и треба да се донесе заклучок.

За збор се јави **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд на РСМ која истакна дека сите активности кои што се поврзани со работата на Судскиот совет мора да се гледаат низ призмата на основната функција на Советот, а тоа е обезбедување и гарантирање на самостојноста и независноста на судската власт. Воедно активностите во остварување на законските надлежности на Советот мора за појдовна точка да ги имаат во предвид и препораките на Оценската мисија и остварувањето на Стратешките определби за кои што Врховниот суд на Република Северна Македонија дава конструктивни предлози. Нагласи дека ова е многу важно затоа што и сите реформи кои се потребни да се реализираат во понатамошниот период мора да ја имаат основната цел, а тоа е независно и самостојно судство и независен и самостоен Судски совет. Нејзин личен став е дека членот на Судскиот совет од редот на судиите во Врховниот суд на РСМ секогаш треба да се раководи од најважната цел, а тоа е заштита за самостојноста, интегритетот и угледот на судството. Посочи дека од нејзина страна тоа многу јасно и децидно е нагласено во една од одржаните седници на судии при Врховниот суд на РСМ каде што потенцирала дека кандидатите од Врховниот суд на РСМ за потенцијални членови кои ќе се кандидираат за членови на Советот мора да имаат една јасна визија, не само за нивната улога во Судскиот совет, туку и нивната улога во целиот реформски процес за судството и дејствијата кои што тие би ги превзеле на тој план. Од таа причина им укажала на кандидатите дека согласно начелото на стручност, професионалност и транспарентност, согласно и програмските заложби на Врховниот суд на РСМ од големо значање

е да ги претстават нивните планови и програмски цели како потенцијални членови на Судскиот совет. Инсистирала во таа нсока на дебата на седница на судии, а по однос на  нивните креативни концепти преку кои ќе можат да се видат и конкретните ставови на кандидатите и врз основа на така презентираните концепти и врз основа на визијата и заложбите, судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија да можат да одлучат. Секогаш при вакви избори нејзино лично мислење е дека е добро да има повеќе кандидати и тоа е смислата на изборниот систем. Во овој правец се и препораките на Оценската мисија кои упатуваат каде што детектираат дека потребни се подобрувања на законското решение во овој дел, односно дека треба да се напушти принципот на недоволна репрезентативност на гласовите, поточно можноста само со еден глас да биде избран член на Судскиот совет. Во врска со повлекувањето на пријавата што е точка на дневниот ред појасни дека ниту таа, ниту судиите на Врховниот суд не се детално запознаени за причините дури ни за поднесената пријава. Треба да се почитува слободата на диспозицијата на волјата на секој кандидат, но смета дека од аспект на транспарентноста и колегијалноста од суштинско значање е да се извести седницата на судии за ваквиот чекор од страна на судијата со оглед на фактот дека изборниот процес веќе е започнат, превземени се низа процедурални дејствија односно процесот е дојден во фаза на самото гласање. Секогаш треба де се има едно должно внимание кон сите аспекти бидејќи вршењето на судиската функција и вршењето на член на Судски совет од редовите на судиите и секако и на членовите на Судскоиот совет е јавна работа што непосредно е поврзано со јавниот интерес. Нагласи дека особено што во овој период е потребна целосна консолидација на силите за надминување на сите нотирани проблеми и смета дека е потребен еден потемелен пристап.

За збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека се согласува со наводите на претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија по однос на тоа кога би имало поголем број на кандидати, посебно од Врховниот суд за член на Судскиот совет, меѓутоа моментално состојбата е таква каква што  е. Во случајот се пријавиле двајца кандидати односно е утврдена кандидатската листа со двајца кандидати на седница на Советот, постапката не само што е почната, туку е во завршна фаза, во фаза на гласање, отпечатени се кандидатските ливчиња и примени се во Судскиот совет на 31.05.2024 година. Повлекувањето на пријава од страна на судијата Цветанка Periќ – судија на Врховниот суд и кандидат за член на Судски совет е доставена на ден 30.05.2024 година, односно еден ден пред да се примаат отпечатените гласачки ливчиња во Советот. Известувањето од кандидатот кое  е доставено до Судскиот совет, во оваа фаза може само да се констатира дека е стигнато до Судскиот совет. Нагласи дека е непријатно изненадена од повлекувањето на пријавата и смета дека е несериозен ваков чекор од судија на Врховен суд, поготово со оглед на содржината на тоа известување и наведените причини, меѓутоа ако е од здравствени причини, истите би се одразиле и на вршење и на нејзината судиска функција. Но, во оваа фаза смета дека не е прашање за кое Советот треба да одлучува во овој момент, само треба да се констатира дека е доставена пријава, има важечки гласачки ливчиња, а судијата Цветанка Периќ ако биде избрана тогаш нејзино право е како ќе одлучува. Но, апелира во иднина при поднесување на пријава

по оглас за избор на член на советот, кандидатите да имаат малку подлабински анализи на личните состојби и сфаќањето за што поднесуваат кандидатура, дали би можеле да одговараат на таа позиција и дали би сакале да бидат членови, односно да имаат посериозен пристап пред да биде доставена пријавата.

За збор се јави членот на Советот **м-р Миљазим Мустафа** кој наведе дека се согласува со мислењето на претходните колеги и дека ова не е прва ситуација. Имало случај во 2020 година кога бил објавен оглас и еден кандидат се повлекол еден или два дена пред да се одржат изборите, меѓутоа изборите сепак продолжиле. Исто така и покрај тоа што кандидатот ја повлекол пријавата, добил одреден број на гласови меѓутоа не бил избран за член на Судски совет. Се согласува со претходно иложеното од колегите, дека има утврдени кандидатски листи и има одреден датум за избори, има и кандидати, што нема никакви реперкусии во изборот. Во однос на повлекувањето на пријавата и тој е изненаден, меѓутоа сепак посочи дека станува збор за искусен судија на Врховен суд и дека сепак мора да има оправдани причини зошто се одлучил да го направи наведениот чекор.

За збор се јави членот на Советот **м-р Ивица Николовски** кој наведе дека нема оправдани причини, како што се наведени во пријавата. Смета дека нема услови во оваа фаза да се повлече кандидатурата и дека како Судски совет треба да ги преиспитаат овие наводи. Ако се работи за сериозни здравствени пречки тогаш се поставува прашање дали судија со сериозни здравствени пречки ако не може да ја обавува функцијата како член на Судски совет нема да може да ја обавува ни судиската должност. Ако не се докажани овие причини тогаш се поставува прашуањето дали се работи за влијанија или притисоци. Се работи за судија на Врховен суд и има приложена документација и верува дека и Комисијата не забележа никакви пречки, напротив позитивни резултати во извршување на судиската должност. Нагласи дека ваквото невообичаено однесување Судскиот совет треба да го преиспита.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** кој наведе дека бил член на Комисијата за подговтовка на кандидатските листи која констатирала дека кандидатот ги исполнува условите при што направиле Извештај и била формирана Комисија за спроведување на избори. Смета дека во иднина од вакви и слични причини можеби е како празнина во законот да се уреди како законска содржина до која фаза би можело да се повлекува одредена кандидатура. Во случајот веќе е формирана Комисија, испечатени се гласачките ливчиња и затоа во иднина треба да се види до која фаза може да се повлече кандидатурата.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** која наведе дека сите колеги образложиле од тоа што било и нејзино размислување. Во фаза кога се отпечатени гласачките ливчиња и поднесеното известување од страна на судијата на Врховен суд до Судскиот совет на 30.05.2024 година и за нејзе лично било изненадување. Ова е можеби невообичаена ситуација, значи шест дена пред да се спроведе гласањето и ова треба да се види во наредните измени што се подготвуваат во Законот за Судски совет да стои некој рок до

кога може кандидатура да биде повлечена бидејќи сепак ова може да има штетни последици врз целата постапка.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** кој наведе дека се согласува со мислењето на колегите и смета дека повлекувањето на кандидатурата е лично право и за тоа треба да одлучува Судскиот совет. За причините кои ги навел кандидатот, Советот не треба да се впушта бидејќи Советот не е Комисија и орган кој ќе ја утврди нејзината здравствена сотојба. Смета дека траба да се одлучува во врска со наведениот случај по кој треба да се донесе одлука. Посочи дека и претходно имало ваков случај, сега процедурата е веќе на крај и смета дека кандидатот треба да остане на кандидатската листа.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** го сподели ставот кој заеднички го дели со колегите дека кандидатската листа не треба да се менува. Меѓутоа сака да го наведе нејзиното разочарување од судија на Врховен суд кога го примила дописот дека се повлекува од овој избор. Разочарувањето е со оглед дека се работи за судија на Врховен суд кој што го знае Законот за Судскиот совет, знае во која фаза е постапката на Комисијата, а особено таа Комисија и Судскиот совет е транспарентен во текот на целокупниот тек на постапка. Поради такво известување Советот беше доведен во ситуација денес да свикува итна седниц,а за која секако настануваат финансиски импликации, меѓутоа една друга импликација која е многу пострашна, барем кај нејзе постои сомнеж со кој што е доведена во прашање самостојноста и независноста на судиската функција. Појасни дека ова не би го елаборирала понатаму и смета дека може да биде и предмет на анализа од страна на Судскиот совет, меѓутоа личните постапки на секој судија во конкретниот случај на судија на Врховен суд треба добро да бидат осмислени за да не го нарушат, ниту угледот во конкретниот случај на Врховниот суд, а со тоа угледот на судството и на Судскиот совет. Наведе дека колку што е запозната судијата оди на работа, ако таа е вистинската причина, здравствени проблеми и верува дека е, бидејќи е судија и не треба да изнесува невистинити работи пред Судскиот совет. Тогаш навистина се прашува дали може да ја извршува и судиската функција како што кажаа и некои од колегите. Апсолутно се согласува и кај мнејзе постои само уште едно прашање, дали при донесување на судските одлуки од страна на конкретниот судија имало предомислување при донесувањето на одлуката. Ова од причина што еднаш изразен став во насока на заштита на лични податоци и личниот интегритет треба да остане до крај. Претседателот на Советот смета дека треба да се донесе заклучок дека не се врши измена на утврдените кандидатски листи и тоа општа листа за кандидати од Врховен суд на Република Северна Македонија бр.02-336/31 од 16.05.2024 година.

Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** процедурално се јави за збор и наведе дека ова е предлог на претседтаелот на Советот бидејќи таа имала друг предлог дека треба да се гласа и мора да се види каков е ставот на Судскиот совет. Во конкретниот случлај нема барање, но има само известување за повлекување, затоа предлага во овој случај да нема гласање и замолува да се расчисти ова бидејчи смета дека станува збор за многу важно прашање.

За збор се јави членот на Советот **м-р Антоанета Димовска** смета дека треба да се донесе заклучок и да се констатира повлекување на пријавата од 30.05.2024 годиа.

За збор се јави **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија која наведе дека се согласува со известувањето на двете колешки, меѓутоа посочи дека има дневен ред за разгледување и одлучување. Ако се одлучува тогаш се носи и одлука меѓу кое и заклучок, а дневниот ред веќе е усвоен. Се согласува со дискусиите изнесени досега и смета дека Судскиот совет треба само да констатира дека е поднесено такво известување. Но нагласи дека дневниот ред е одлучување.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** смета дека Судскиот совет треба да донесе заклучок и да се констатира дека една кандидатура како член на Судски совет е повлечена.

Бидејќи повеќе никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** го стави на гласање предлогот да се донесе заклучок со кој ќе се констатира дека од страна на Цветанка Периќ-судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија е доставено известување за повлекување на пријава за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија и по дискусијата се заклучи дека кандидатските листи остануваат неизменети.

По гласањето се констатира дека со 9 гласа „За“ донесен следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1.Се констатира дека од страна на Цветанка Периќ-судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија е доставено известување за повлекување на пријава за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

2.По расправата Советот констатира дека не се врши измена на кандидатската листа - општа листа за кандидат од Врховниот суд на Република Северна Македонија за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите на Врховниот суд на РСМ бр.02-336/16 од 19.04.2024 година и на гласачките ливчиња.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека дневниот ред е исцрпен и дека седницата заврши во 12:45 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис и листингот од гласање се составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Весна Дамева**

**Изработил:** Медиа Шаќири
**Одобрил**: Весна Толева